## Наставна програма по слободен изборен предмет Фотографија за VI одделение

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **Фотографија** |
| **Изготвил** | **Арменд Имери** |
| **Училиште** | **ООУ„Перпарими“ Голема Речица-Тетово** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Изборен предмет за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети |
| **Одделение** | **VI (шесто)** |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • **Фотографија**<br>• **Обработка на фотографија** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно/36 часа во текот на едно полугодие |
| **Опрема и средства** | • Аудиовизуелни средства (фотоапарат, LCD-проектор, дигитална камера, компјутер, паметна табла, таблет, печатач и други дигитални уреди).<br>• Интернет и софтвер.<br>• Фотографски алатки и материјали (фотосензитивна хартија, развивач, фиксир, сијалица за темна комора црвена, тацни за развивање, штипки, и др.).<br>• Визуелни алатки (цртежи, фотографии, списанија, книги, банери, постери, апликации, илустрации, проспекти и др.). |

## Наставна програма за слободен изборен предмет Фотографија за VI одделение

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од подрачјето ***Уметничко изразување и култура*** од Националните стандарди:

| Ученикот/ученичката знае и/или умее: |
|---|

| | |
|---|---|
| VIII - A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, дизајнот); |
| VIII - A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII - A.9 | да препознае и објасни како култура на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII - A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура, туку и низ перспективата на други култури. |

| *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
|---|

| | |
|---|---|
| VIII – Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот; |
| VIII – Б.2 | критичкиот однос конразличните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности; |
| VIII – Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII – Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди :
***Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура* и *Техника, технологија и претприемништво***

| *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|

| | |
|---|---|
| IV – A3 | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV – A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV – A.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |

| | |
|---|---|
| V – A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| VI – A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI – A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI – A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI – A.12 | ритички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI – A.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови; |
| VII – A.1 | да ги поврзува сознанијата од науките со нивната примена во техниката и технологијата и со секојдневниот живот; |
| VII – A.3 | да објасни како напредните технички и технолошки системи/продукти го подобруваат секојдневниот живот на луѓето; |
| VII – A.8 | да осмисли и спроведе рекламна кампања за определен продукт користејќи лого, слоган, презентација, интернет страница и сл. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| III – Б.8 | секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и дека треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина; |
| IV – Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи; |
| V – Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

Тема 1: ***Фотографија***
Вкупно часови: 28

***Знаења/Вештини :***

- Разбира што е фотографија и ќе може да ги објасни клучните моменти од историјата на фотографијата;
- Умее да ракува со основните делови на камерата и ќе може да ги објасни нивните влијанија врз фотографијата;
- Се запознава со фактот дека античката фотографска техника CAMERA OBSCURA и предходи на фотографијата како што ја познаваме денес;
- Препознава примери од реалниот свет каде правилата на композицијата се користат (на пр., пејзажна фотографија со водечки линии или портрет со кадар);
- Умее да споредува фотографи и да дискутира кои тонови и контрасти најдобро го пренесуваат посакуваниот ефект;
- Знае да користи различни извори на светлина (на пример, страна на светлина) за да ја истакнат содржината на фотографијата;
- Стекнува знаења како во паркса ќе може да ги комбинира боите, контурите и силуетите за да создаде креативни фотографии;
- Може да опише како различните перспективи можат да доведат до промена на тоа како гледачот ја доживува фотографијата;
- Умее да истражува познати фотографи и да гради сопствен стил за фотографирање;
- Прави разлика меѓу видови рамнотежи за да разбере која техника е најсоодветна за одредени ситуации;
- Ги објаснува разликите меѓу портрет во ентериер и екстериер;
- Умее да креира фотоесеј преку кој визуелно и креативно раскажува приказна или пренесува порака.

***Ставови/Вредности:***

- Ја разбира улогата на фотографијата како уметност и технологија;
- Ја прифаќа важноста дека добрата фотографија бара баланс меѓу уметност и технички вештини;
- Смета дека контрастот помага да се насочи вниманието на гледачот кон главниот објект;
- Има позитивен став дека текстурата не е само естетски елемент, туку и средство за пренесување на емоции и пораки во фотографијата;
- Почитува ставот дека бојата е алатка за личен израз и креативност, а не само естетски додаток;
- Прифаќа дека правилниот избор на агол и перспектива може да го промени чувството што фотографијата го пренесува;
- Ја осудува неконзистентната примена на перспективата која го нарушува визуелниот интегритет на фотографијата;
- Верува дека фотографирањето во екстериер ќе го поттикне да ја цени убавината на природата и нејзината важност за уметноста;
- Поддржува етички став кон употребата на фотографии за едукација, активизам или информирање;
- Подготвен е да изведува активности со кои лесно може да ги совлада темите.

| *Содржини (и поими)* | *Број на часови* | *Примери на активности:* |
|---|---|---|
| **Претставување и запознавање со предметот Фотографија, фотоапарат, негова употреба и апликација**<br>**Основа на фотогафијата**<br><br>(фотографија) | 2 | • Учениците се запознаваат со предметот Фотографија, поделба на фазите под различни теми, Фотографија и Обработка на фотографијата.<br>• Учениците следат презентација, по пат на слајдови наставникот им презентира кратка историја на фотографијата од нејзиниот почеток до денешно време, и им се појаснува што е фотографија, се запознаваат со фотоапаратот и неговите функции. |
| **Фотографски карактеристики: Експозиција, Бленда и ИСО**<br><br>(широкоаголен објектив, нормален објектив, телеобјектив и зум објектив) | 2 | • Учениците следат кратко објснување каде се појаснуваат фотографските карактеристики: Експозиција, Бленда и ИСО. Потоа учениците поделени во групи ќе имат активности, пример- за една група да споредат две фотографии: една со кратка и една со долга експозиција и да објаснат како времетраењето на експозицијата влијае врз изгледот на фотографијата. Активност за втората група ќе биде: да фотографираат ист објект со различни поставки за бленда (на пр., f/2.8, f/8, f/16), да ги споредат фотографиите и да опишат како длабочината на поле се менува. На третата група ќе им биде дадена задача да фотографираат во темна просторија со различни ISO поставки (100, 800, 1600), и да ги споредат резултатите и да објаснат како ISO влијае на квалитетот на сликата.<br>• Откако учениците ќе ги сфатат фотографските карактеристики во текот на часот, ќе им се даде задача слушувајќи класична музика како на пр. VERDI - Marcia Triunfale, да успеат да го сфатат значењето колку е важна моменталната психичка состојба во креирање на уметничко дело (фотографија). |
| **Камера обскура**<br><br>(темна соба, фиксир, развивач, фотосенситивна хартија, развој на фотографија) | 2 | • Учениците следат презентација и демонстрација за античката технологија наречена CAMERA OBSCURA или во превод темна соба. Задача на учениците ќе биде да се поделат во помали групи од по четири ученици, употребувајќи картонска кутија која веќе е неупотреблива да ја обојат со црна боја,  да ја затворат добро за да не влегува светлина во неа, и потоа отвараат мала дупка со игла на едната страна од кутијата за да фотографират. Со помош на наставникот ја развиваат техниката камера обскура во една темна соба пренесувајќи слики на еден објект со рамна површина на фотосенситивна хартија. По демонстрацијата на активноста, учениците разговараат и раскажуваат што забележиле околу функционирањето на камера обскура и како концептот на камера обскура довел до развојот на модерните фотоапарати. |
| **Композиција кај фотографијата** | 2 | • На учениците им се појаснуваат видовите композиции, уметнички и психолошките ефекти и како тие влијаат на набљудувачот, како и античкото правило за Поделба на третини, каде им се покажуваат примери од уметниците |

| | | |
|---|---|---|
| (златен пресек, вертикална композиција, хоризонтална, дијагонална, пирамидална) | | Леонардо Да Винчи, Винсент Ван Гог, примери од старата Грчката античка атхитектура како што е Партенон и употреба на златниот пресек во секојденвниот живот. Потоа учениците ќе добијат празен лист со мрежа за правило на третини и ќе треба да нацртаат каде би го поставиле субјектот, на пример: слика од пејзаж со пат што води до планини во далечината.<br>• Задача на учениците ќе биде да излеземе во природа и да фотографираме Пејсаж, употребувајќи го златниот пресек. Потоа во училишен амбиент разговараме за фотографиите реализирани од страна на учениците. |
| **Тон и контраст**<br>**Црно-бела фотографија**<br><br>(низок контраст, силен контраст, совршена композиција) | 2 | • Во отворен разговор се дефинират поимите тон и контраст и како тие се поврзани со фотографијата. Учениците ќе набљудуваат две фотографии: една со висок контраст и една со низок контраст, каде што ќе треба да откријат која од фотографиите има висок контраст и зошто?<br>• Потоа учениците добиват задача да симулираат контраст преку користење едноставен софтвер за уредување фотографии (или ќе работат со готови примери) за да ги зголемат или намалат контрастот и тоновите. Потоа започнуваме разговор: Што се менува во атмосферата на фотографијата кога го зголемуваме или намалуваме контрастот?<br>• Учениците преку практична задача која ја изведуваат околу училишниот двор прават црно-бела фотографија и потоа на е-поштата на предметот ги доставуваат нивните изработки, на кои заедно ќе ги анализираме ефектите на низок и силен контраст. |
| **Текстура кај фотографијата**<br><br>(природна и вештачка текстура, извор на светлина) | 2 | • Учениците следат презентација со која ќе се запознаваат со поимот текстура, им се појаснува како текстурата влијае врз изгледот и чувството на фотографијата и дека текстурата кај фотографијата се добива кога изворот на светлина доаѓа од страна на објектот за фотографирање. Учениците ќе имаат задача да извршат анализа на фотографија со изразена текстура и да опишат како текстурата придонесува за атмосферата и визуелниот впечаток.<br>• Учениците предводени од наставникот ќе излезат во околината на училиштето да изготват практична задача, текстура со серија на фотографии со тема: „Да ги истакнеме позитивните и негативните страни на нашето училиште“ користејќи странично осветлување, и потоа на е-поштата на предметот ги доставуваат нивните изработки, на кои заедно ќе споредуваме фотографии од ист објект со различни осветлувања и ќе појаснат која повеќе ја истакнува текстурата. |
| **Боја, контура и силуета**<br><br>(спектар на бои, теорија на боите) | 2 | • Учениците поделени во мали групи, истражуваат на интернет за основните концепти поврзани со боја, контура и силуета. Потоа имат задача да објаснат како бојата, контурата и силуетата влијаат врз естетиката и значењето на фотографијата.<br>• Откако учениците ќе можат да идентификуваат и да објаснат за бојата, |

| | | |
|---|---|---|
| | | контурата и силуетата, една група ќе имат активност да направат силуета фотографија со позиционирање на објектот пред извор на светлина (на пример: зајдисонце) и да го објаснат процесот. Другата група ќе има за задача да направат фотографија со нагласен комплементарен контраст (на пример: црвено-зелена, сино-портокалова). Додека третата група ќе има за задача да употребат светлина за да создадат јасни контури на објектите во нивната фотографија. |
| **Перспектива кај фотографијата**<br><br>(птичја перспектива, линеарна перспектива, жабја перспектива, воздушна или оптичка перспектива) | 2 | • На учениците им се прикажуваат примери на различни перспективи од фотографии или илустрации, при што ќе научат да ги идентификуваат основните типови на перспектива: линеарна, птичја, жабја и воздушна или оптичка перспектива. Потоа се разговара како линеарната перспектива го насочува погледот кон точката на исчезнување или како воздушната перспектива го пренесува чувството на далечина.<br>• По завршување со разговорот на учениците, задача ќе им биде да применат техники на перспектива за да создадат визуелно интересни фотографии на пример: Фотографирајте сцена со линеарна перспектива (улица или пат што се стеснува кон точка на исчезнување) или да направат фотографија од жабја перспектива (фотографирање на луѓе од долу за да изгледаат моќни или доминантни).<br>• На крај се прави анализа на две фотографии од учениците што користеле различни типови перспектива (на пример: линеарна и жабја) и ќе ги споредуваме како секој вид перспектива влијае врз длабочината и просторот во фотографијата. |
| **Пејзаж кај фотографијата**<br><br>(пејзажна фотографија за разгледница, книга, туризам, филтри, панорамска камера**,** правило на третини, златен пресек, златен час) | 2 | • Учениците следат презентација што подразбира поимот пејзаж како фотографска дисциплина, која најдобро ни се појавува додека ја набљудуваме природата со внимание. Треба да запомнат и разбират дека Композицијата (правило на третини, златен пресек), Светло (златен час), и Елементите на преден план, среден план и во заднина се трите основни поими на пејсажната фотографија.<br>• Учениците имаат за задача да фотографират пејзаж со фокус на златниот час (при изгрејсонце или пред зајдисонце, кога светлината на сонцето е помека, потопла и подифузна, создавајќи идеални услови за фотографирање) и да применуват правило на третини.<br>• Учениците вршат анализа на пејзажи од различни автори како што се Ансел Адамс, Арно Рафаел Минкинен, Франко Фонтана, Андрес Гурсказ и ги споредуват сфоите фотографии со познатите примери и ќе утврдуваат што може да се подобри. |
| **Рамнотежа кај фотографијата** | 2 | • Учениците следат презентација со која се запознаваат со поимот рамнотежа, ги |

| | | |
|---|---|---|
| (симетрија, асиметрија, радиална рамнотежа) | | идентификуваат основните типови на рамнотежа во фотографијата.<br>• Учениците поделени во групи применуваат различни типови на рамнотежа во сопствените фотографии, на пример: направете фотографија со симетрична или асиметрична рамнотежа (архитектура или пејзаж со рефлексија), или да креират фотографија со радијална рамнотежа, каде што елементите се организирани околу централната точка.<br>• Секоја група ги презентираат своите фотографии. На крајот, учениците споредуваат фотографи и оценуваат кој вид рамнотежа најмногу привлекува внимание и зошто. |
| **Портрет во ентериер и екстериер**<br><br>(формален портрет, неформален, спонтан, амбиентален, концептуален, автопортрет, амбиент - топол/студен, студио - блиц, екстериер - светол/темен) | 4 | • Учениците следат визуелна презентација за портретот како многу важна фотографска дициплина, видови портрети и поделба на композициите кај портретот како и психолошкиот ефект на кадрирање во однос со моделот.<br>• Презентација со фотографии на познати автори портретисти како што се: Џулија Маргарет Камерон, Џосуф Карш, Ричард Аведон, Стив МекКури како и фотографии на познатиот македонски фотограф Драги Неделчевски и разговараат за разликите помеѓу портретите направени во ентериер и во екстериер.<br>• Задача на учениците ќе биде да фотографираат на тема: „Мојот најдобар другар“ опишувајќи го неговиот/нејзиниот карактер, професионалните активности, приватните интереси, преку видовите на портрети, како и да дадат оценка како различните позадини (урбани или природни) го менуваат карактерот на портретот и кои најдобро го прикажуваат моделот.<br>• Како друга активност е истражување како со користење на уметничко студио или фотографско студио како може да направи Портрет во ентериер со примена на различни техники и елементи. |
| **Документарна фотографија**<br><br>(фотовест, документарна социјална фотографија, documантарен пејзаж, фото есеј, спортска фотографија) | 2 | • Учениците следат визуелна презентација со фотографии при што се запознаваат со основните концепти на документарната фотографија. Препознаваат познати фотографи кои работаат во овој жанр (на пр. Себастијан Салгадо, Доротеа Ланж) и разликуваат различни видови на документарна фотографија како што се: фотовест, фото есеј, документарен пејзаж, фотоновинарство, итн. Преку разговор извлекуваат заклучок дека документарната фотографија раскажува приказна или пренесува порака.<br>• Учениците поделени во групи ќе имат задача да  направат групен фото есеј со тема на пример: „Животот во мојата населба“ (Историска приказна преку фотографии), “Рециклирање и екологија” и “ Еден ден во животот на...” и да ја претставаат својата работа. На крајот учениците вршат споредување на фотографи со различен пристап кон документарниот жанр и донесуват заклучоци за нивната успешност. |

| | | |
|---|---|---|
| **Естетско вреднување на изработките**<br>**Аранжирање на изработките**<br><br>(критика, интерпретација, опис на фотографијата) | 2 | • Учениците вршат анализа на изработките на соучениците (од технички и естетски аспект) од реализираните мотиви погоре споменати, како и во соработка со наставникот дискутираат каде имаат силни страни и каде може да бидат уште покреативни во нивните изработки.<br>• Учениците избираат 3-5 фотографии кои најдобро ги претставуваат нивните вештини и концепти за печатење на успешните изработки, со цел да се изготви нивна групна изложба во училишен амбиент. За секоја фотографија пишуваат краток опис што ја објаснува идејата, техниката и пораката. |

Тема 2: **Обработка на фотографија**
Вкупно часови: 8

***Знаења/Вештини :***

- Може да ги препознае основните алатки и техники за уредување фотографии;
- Умее да ги употребува алатките како Crop Tool, Move Tool и Transform Tool за уредување на фотографии;
- Сфаќа како да комбинира боја и текстурата за да постигне хармонија;
- Препознава можности за експериментирање со нови ефекти и стилови.

***Ставови/Вредности:***

- Ја прифаќа важноста на постпродукцијата како дел од процесот на создавање фотографии;
- Почитува правила на визуелната композиција (правило на третини, златен пресек) како основа за креирање;
- Поддржува соработка и споделување идеи со тимот за постигнување најдобри решенија;
- Верува дека естетиката игра клучна улога во комуникацијата преку визуелни медиуми.

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|---|
| **Основи на постпродукција и вовед во естетика**<br><br>(Adobe photoshop, обработка на фотографија, дигитална фотографија, ретушитање на детали) | 2 | • На учениците им се поставува прашањето што значи постпродукција во фотографијата и дали тие самите обработиле некоја фотографија.<br>• Им се појаснува која е целта за обработка на фотографиите, етапите на обработка на фотографиите, што е естетика, им се раскажува на учениците различни уметнички и фотографски епохи.<br>• Учениците следат визуелна презентација за методологијата на обработка за фазите на фотографијата во компјутерската програма Adobe Photoshop и се отвара разговор во врска со вршење споредба на две фотографии пред и по |

| | | |
|---|---|---|
| | | уредување да ги објаснуваат забележаните промени. |
| **Простор и композиција**<br><br>(растерска и векторска графика, пиксел, формати jpg/raw/psd, transform tool, crop tool, move tool) | 2 | • Наставникот ги запознава учениците со алатките во Photoshop кои се користат за уредување на простор и композиција (како Crop Tool, Move Tool и Transform Tool). По прикажување на примери од обработени и оригинални фотографии учениците ги објасуваат поимите како „правило на третини“, „негативен простор“, „централна точка“ и „златен пресек“ и објаснуваат како направените измени ја подобриле композицијата.<br>• Практична задача на учениците ќе биде преку употребување на алатките Crop Tool, Move Tool и Transform Tool да го применат правилото на третини, за кадрирање на фотографии, преместување на елементите и да постигнат рамнотежа. |
| **Боја и текстура**<br><br>(теорија на боите, психологија на боите, корекција на боите – lasso tool/ magic wand tool hue/saturation, color picker brush tool, clipping masks) | 2 | • Учениците гледаат видео или демонстрација за селектирање, промената на боите и текстурата. Ги именуваат и идентификуваат алатките за селектирање (Lasso Tool, Magic Wand Tool), за работа со боја (Color Picker, Gradient Tool, Hue/Saturation) и текстура (Brush Tool, Pattern Fill, Clipping Masks).<br>• По завршување со разговорот, задача на учениците ќе биде да ги применат Color Picker и Gradient Tool за да направат складни колорни палети во Photoshop или Clipping Masks за додавање текстура на различни слоеви во фотографиите.<br>• Учениците вршат анализа како различни бои и текстури се усогласени за да создадат одреден стил или атмосфера. |
| **Естетско вреднување на изработките**<br>**Групна изложба**<br><br>(печатење, наслов, кураторство, изложбен простор, презентација и опис на фотографиите, критика) | 2 | • Избираните трудови од темата на фотографија што се необработени, учениците ќе имат задача да ги уредуваат во Photoshop за да ги прилагодат боите, текстурата, контрастот и композицијата. Секоја фотографија треба да има краток опис што ќе ја објасни идејата, техниките и пораката што ја носи.<br>• По обработката, фотографите се принтаат, се избира краток наслов за изложба и во училишен амбиент организира групна изложба каде што учениците ќе ги презентираат своите трудови и ќе го објаснат процесот на нивното создавање. По завршувањето на изложбата, се организира дискусија со учениците за рефлексијата за успехот и искуството. |